# 1. Историски развиток на македонскиот јазик

1. Според историскиот развиток, македонскиот јазик спаѓа во групата на:
    а. **словенски јазици**
    б. унгрофински јазици
    в. романски јазици

2. Заедничкиот прајазик на словенските јазици се нарекува:
    а. **прасловенски**
    б. сесловенски
    в. јужнословенски

3. Јазиците што спаѓаат во семејството на словенскиот јазик, образуваат:
    а. две групи јазици
    б. **три групи јазици**
    в. четири групи јазици

4. Македонскиот јазик спаѓа во групата на:
    а. **јужнословенски јазици**
    б. западнословенски јазици
    в. источнословенски јазици

5. Прв литературен јазик за сите словенски народи претставувал:
    а. прасловенскиот
    б. **старословенскиот**
    в. источнојужнословенскиот

6. Македонскиот јазик се одделува од другите словенски јазици според:
    а. **третосложниот акцент**
    б. категоријата вид кај глаголот
    в. лексиката

7. Писменоста на свој јазик кај Словените започнува во:
    а. **втората половина на 9 век**
    б. втората половина на 10 век
    в. втората половина на 11 век

8. Двата периоди на словенската писменост се:
    а. **старословенскиот и црковнословенскиот период**
    б. старословенскиот и прасловенскиот период

9. Употребата на глаголицата се поврзува со:
    а. **Охридската книжевна школа**
    б. Преславската книжевна школа
    в. Брегалничката книжевна школа

10. Охридската книжевна школа е основана од:
    а. **Климент Охридски**
    б. Кирил и Методиј
    в. Наум Охридски

11. Вокалниот систем на старословенскиот јазик бил составен од:
    а. 10 самогласки
    б. **11 самогласки**
    в. 12 самогласки

12. Слогот во старословенскиот јазик бил:
    а. **отворен**
    б. затворен

13. Македонската теорија за дијалектната основа на старословенскиот јазик ја поставил:
    а. **Ватрослав Јагиќ**
    б. Јернеј Копитар
    в. Ватрослав Облак

14. Панонската теорија за дијалоектната основа на старословенскиот јазик во науката ја поставил:
    а. **Јернеј Копитар**
    б. Ватрослав Јагиќ
    в. Блаже Конески

15. Според македонската теорија, основата на старословенскиот јазик ја сочинуваат:
    а. **јужномакедонските дијалекти**
    б. панонско-моравските дијалекти
    в. источномакедонските дијалекти

16. Старословенскиот јазик се пишувал на:
    а. **две различни азбуки**
    б. три различни азбуки
    в. четири различни азбуки

17. Старословенскиот јазик се пишувал на сосема две различни азбуки:
    а. **глаголица и кирилица**
    б. глаголица и латиница
    в. кирилица и латиница

18. Азбуката што ја составил св. Кирил во науката е позната како:
    а. **глаголица**
    б. кирилица
    в. латиница

19. Глаголицата и кирилицата се засновани врз:
    а. **фонолошки принцип**
    б. морфолошки принцип
    в. слоговен принцип

20. Средновековниот период во Македонија се карактеризира со дејноста на:
    а. **Охридската и Лесновската книжевна школа**
    б. Охридската и Брегалничката книжевна школа
    в. Охридската и Преславската книжевна школа

21. Основоположник на словенската писменост и култура во Македонија е:
    а. **Климент Охридски**
    б. Кирил Брегалнички
    в. Наум Охридски

22. Јазичните белези на ракописите од Охридската и Лесновската книжевна школа ја претставуваат:
    а. **македонската варијанта на црковнословенски јазик**
    б. руската варијанта на црковнословенски јазик
    в. бугарската варијанта на црковнословенскиот јазик

23. Карактеристична вокална особеност на македонската варијанта на старословенскиот јазик е:
    а. **вокализација на еровите**
    б. редување на гласовите
    в. испуштање на согласки

24. Карактеристична правописна особеност на македонската варијанта на старословенскиот јазик е:
    а. **мешање на носовките**
    б. редување на гласовите
    в. едначење по звучност

25. Ареалната класификација ги разгледува карактеристиките на јазикот врз основа на:
    а. историскиот критериум
    б. **географскиот критериум**
    в. социјалниот критериум

26. Според ареалната класификација, македонскиот јазик се разгледува како:
    а. европски јазик
    б. светски јазик
    в. **балкански јазик**

28. Заедничките карактеристики на јазикот кои влегуваат во рамките на Балканскиот јазичен сојуз се нарекуваат:
    а. словенизми
    **б. балканизми**
    в. јужнословенизми

29. Една од карактеристичните балкански особености на македонскиот јазик е:
    **а. замената на синтетичката деклинација со аналитичка**
    б. употреба на падежните форми

30. Главна карактеристика на македонскиот јазик во групата на балканските јазици е:
    **а. удвојувањето на директен и индиректен предмет**
    б. испуштање на објектот во реченицата
    в. употреба на инфинитив

31. Прасловенскиот јазик е првиот јазик на Словените. Тој:
    а. е писмен јазик (на него се пишувани книги)
    **б. немал писмо (на него не се пишувани книги, не бил писмено фиксиран)**

32. Литературната форма на прасловенскиот јазик се нарекува:
    **а. старословенски јазик**
    б. црковнословенски јазик

33. Под поимот црковнословенски јазик се подразбира постоење на повеќе варијанти на старословенскиот јазик кај словенските народи:
    **а. Да**
    б. Не

34. Зборниците создадени во 16 век кои се пишувале на прост, народен јазик (и кои содржат религиски проповеди, народни умотворби како: приказни, легенди, преданија) се нарекуваат:
    а. грамоти
    **б. дамаскини**
    в. тријазичници

35. Ракописите пишувани на народен јазик со грчка азбука и со толковна содржина се нарекуваат:
    **а. тријазичници, четиријазичници**
    б. дамаскини
    в. грамоти

36. Еден од првите македонски просветители е:
    **а. Кирил Пејчиновиќ**
    б. Партениј Зографски
    в. Григор Прличев

37. Кирил Пејчиновиќ пишува на:
    **а. тетовски говор**
    б. грчки говор
    в. скопски говор

38. Јоаким Крчовски пишува на:
    **а. кривопаланечки и североисточните македонски говори**
    б. скопски говор
    в. тетовски говор

39. Теодосиј Синаитски е првиот:
    а. учебникар
    **б. печатар**
    в. просветител

40. Теодосиј Синитски го напишал предговорот на делото:
    **а. „Утешение грешним“**
    б. „Огледало“

41. Јордан Хаџи Константинов-Џинот пишува на:
    **а. велешки говор**
    б. скопски говор
    в. струшки говор

42. Кирил Филозоф учествувал во:
    а. **Сараценската, Хазарската и Моравската мисија**
    б. Хазарската, Моравската и Панонската мисија
    в. само Хазарската и Панонската мисија

43. Методиј учествувал во:
    а. Сараценската, Хазарската и Моравската мисија
    б. **само Хазарската и Моравската мисија**
    в. Хазарската, Моравската и Панонската мисија

44. Составувач на првата словенска азбука е:
    а. **Кирил Филозоф**
    б. св. Методиј
    в. св. Климент Охридски

45. Првата словенска азбука се нарекува:
    а. **глаголица**
    б. кирилица

46. Тријазичната ерес, против која се бореле Кирил и Методиј, тврди дека христијанството смее да се шири само на три јазици и тоа:
    а. **еврејски, грчки и латински**
    б. еврејски, латински и шпански
    в. еврејски, словенски и латински

47. Најстарите писмени споменици напишани со глаголица се:
    а. **Асеманово , Мариинско и Зографско евангелие**
    б. Асеманово евангелие, Зографско евангелие и Синајски псалтир
    в. Зографско евангелие, Битолски триод, Погодинов псалтир

48. Втората словенска азбука е:
    а. глаголица
    б. **кирилица**

49. Писмени споменици напишани со кирилско писмо од XI век се:
    а. **Савина книга и Супрасалски зборник**
    б. Савина книга и Асеманово евангелие

50. Словенската писменост се создава на глаголица и кирилица до:
    а. **XI век**
    б. XII век
    в. XIII век

51. Според изгледот на буквите, кирилицата била создадена по примерот на грчкото уставно писмо, а во азбучниот систем по примерот на:
    а. арапската азбука
    б. **глаголицата**
    в. латиницата

52. Најзначајната оригинална проповед на Кирил Пејчиновиќ е „Слово за празниците“.
    а. **Да**
    б. Не

53. Поучноста на текстовите на Кирил Пејчиновиќ се состои во тоа дека:
    а. треба да се служиме со народниот јазик
    б. **треба да ја сакаме и почитуваме христијанската вера**

54. Предговорот на „Утешение грешним“ е важен затоа што:
    а. **претставува прв предговор во македонската литература и е напишан на народен јазик**
    б. го напишал сопственикот на печатницата каде е печатена оваа книга

55. Книжевно-историското значење на Џинот го согледуваме во тоа што:
    а. тој е прв собирач на народни умотворби
    б. **тој е прв драмски автор во македонската литература**
    в. учителствувал на повеќе места низ Македонија

56. Прво дело на Џинот е:
    а. **„Таблица перваја“**
    б. песната „Плач на скопското училиште многотрудное“
    в. драмскиот текст „ Минерва и девет музи“

57. „Таблица перваја“ на Џинот е текст кој требало да послужи како основно помагало при описменување. Напишан е по примерот на:
    а. **„ Ижица“ на Доситеј Обрадовиќ**
    б. „Утешение грешним“ на Кирил Пејчиновиќ
    в. „Абецедарот“

58. Драмските текстови на Џинот имаат:
    а. **дидактичен карактер**
    б. уметнички карактер

59. Освен драмски текстови, Џинот пишувал и:
    а. поучителни слова
    б. **песни**
    в. предговори кон одредени книги

60. Текстовите кои ги пишува Кирил Пејчиновиќ:
    а. **имаат поучителен карактер и преку нив тој ја врши верската просвета на народен јазик**
    б. служат за описменување и напишани се на народен јазик

61. Во втората половина на 19 век јасно се нагласува идејата за одделен македонски литературен јазик:
    а. **Да**
    б. Не

62. Еден од најистакнатите заложници (македонисти) за оформување на македонскиот литературен јазик е:
    а. **Ѓоргија Пулевски**
    б. Григор Прличев
    в. Марко Цепенков

63. Најистакнати учебникари во Македонија се:
    а. **Кузман Шапкарев, Партениј Зографски и Ѓоргија Пулевски**
    б. Браќата Миладиновци, Григор Прличев, Марко Цепенков

64. Учителската и учебникарска дејност на П. Зографски и К. Шапкарев се одвива во контекст на:
    а. **црковно-училишната борба на македонскиот народ**
    б. национално-политичката борба на македонскиот народ

65. Учителската и учебникарска дејност на Ѓоргија Пулевски се одвива во контекст на:
    а. црковноучлишната борба на македонскиот народ
    б. **национално-политичката борба на македонскиот народ**

66. Во книгата „За македонцките работи“ на Крсте Петков Мисирков се изразени неговите стремежи за:
    а. **создавање на македонски литературен јазик**
    б. употреба на македонскиот народен јазик во училиштата

67. Книгата „За македонцките работи“ од Крсте Петков Мисирков е издадена во:
    а. **Софија, 1903 година**
    б. Софија, 1910 година
    в. Скопје, 1903 година

68. Последната статија во книгата „За македонцките работи“ носи наслов:
    а. **„Неколку збореи за македонцкиот литературен јазик“**
    б. „Шчо напраифме и шчо требит да напраиме за однапред“

69. Колку нови графеми предлага Мисирков во македонската кирилица:
    а. три
    б. **пет**
    в. седум
    г. девет

70. За основа на литературниот јазик Мисирков ги предлага:
    а. источните говори
    б. северните говори
    в. западните говори
    г. **централните говори**

71. За каков принцип на правопис се залага Мисирков ?
    а. морфолошки принцип на правопис
    б. **фонетски принцип на правопис**
    в. етимолошки принцип на правопис
    г. историски принцип на правопис

72. За каков модел се определува Мисирков во поглед на решавањето на македонското јазично прашање?
    а. за основа на македонскиот литературен јазик ги зема централните и дел од источните говори
    б. за основа на македонскиот литературен јазик зема дел од источните и дел од западните говори
    в. **за основа на македонскиот литературен јазик ги зема централните говори (Велес-Прилеп-Битола-Охрид)**

73. Кој од споменатите имиња се собирачи на македонско народно творештво од XIX век?
    а. **Марко Цепенков и Кузман Шапкарев**
    б. Григор Прличев
    в. Ѓорѓија Пулевски и Рајко Жинзифов

74. Кога е озаконет Правописот на македонскиот јазик?
    а. 2 август 1944 година
    б. 3 мај 1945 година
    в. 5 мај 1945 година
    г. **7 јуни 1945 година**

75. Кога и каде е донесено решението за македонскиот јазик да биде службен јазик во македонската држава?
    а. На првото заседание на АСНОМ, 2 август 1943 год.
    б. **На првото заседание на АСНОМ, 2 август 1944 год.**
    в. На првото заседание на АСНОМ, 2 август 1945 год.

76. Улогата на Блаже Конески во кодификација на македонскиот литературен јазик особено доаѓа до израз со:
    а. **издавањето на обемната „Граматика на македонскиот литературен јазик“ во два тома**
    б. пишување на разни книги на народен јазик

77. „Граматиката“ од Блаже Конески придонесува за зацврстување на македонската лингвистичка терминологија и ја претставува:
    а. **основата на современата македонска наука за јазикот**
    б. основата за создавање на други речници по македонски јазик

78. „Граматиката“ од Блаже Конески е составена од:
    а. **два дела**
    б. не е поделена на делови

79. Првиот дел од „Граматиката“ на Блаже Конески ги опфаќа деловите: „За гласовите“ и „За акцентот“.
    а. **Да**
    б. Не

80. Вториот дел од „Граматиката“ на Блаже Конески носи наслов:
    а. **„За формите и нивната употреба“**
    б. „За гласовите и нивната употреба“

81. Покрај учеството и улогата што Блаже Конески ја имаше во Јазичната комисија, тој ги издаде и:
    а. првиот буквар на македонски литературен јазик
    б. Речникот на македонскиот литературен јазик
    в. **Македонскиот правопис, македонската граматика и Речникот на македонскиот литературен јазик**

82. Основниот принцип врз кој е изграден македонскиот литературен јазик е:
    а. морфолошкиот принцип
    б. алфабетскиот принцип
    в. **фонетскиот принцип**